РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 11-4834/2
12-09-2019 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 55 став 1 и член 56 став 3 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Сл. весник на РМ" бр. 58/200, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011, 96/2019 и 110/2019), член 121, 129 и 142-а од Законот за животна средина, (Сл. веснк на РМ 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13,187/13, 42/14, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), и член 5 и 6 од Уредбата за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава А-Интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план (Сл. весник. на РМ бр.117/2007; 64/2010; 186/2016 и 187/2016), министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

# Упатство

## за постапката за донесување на решенија за надоместок и начинот на пресметување на надоместок за операторите на ИСКЗ дозволите кои вршат активности за кои се издаваат интегрирани еколошки дозволи/дозволи за усогласување со оперативен план

### член 1
### Цел на Упатството

(1) Целта на ова упатство е да се утврди постапката за донесување на решенија за надоместок и начинот на пресметување на надоместокот кој треба да го сносат операторите на ИСКЗ дозволите кои вршат активности за кои се издаваат интегрирани еколошки дозволи/дозволи за усогласување со оперативен план, предвиден во Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава интегрирана еколошка дозвола/дозвола за усогласување со оперативен план.
(2) Со ова Упатство се дефинира детално начинот на пресметка на надоместокот кој треба да ги плаќаат Операторите на инсталациите за А-ИЕД односно А-ДУОП.

### Член 2
### Примена

Ова Упатство ќе се применува во одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето, Сектор за индустриско загадување и управување со ризик – Управа за животна средина при Министерство за животна средина и просторно планирање.

Член 3
Дефиниции и кратенки

Одделни поими употребени во ова упатство ќе го имаат следното значење:
- МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање;
- УЖС- Управа за животна средина;
- ИЗУР – Индустриско загадување и управување со ризик;
- ИСКЗ – Интегрирано спречување и контрола на загадување;
- А-ИЕД – А – Интегрирана еколошка дозвола;
- А-ДУОП – А – Дозвола за усогласување со оперативен план;
- ВГН- Вкупен годишен надоместок.
- ГВЕ – Гранични вредности на емисија
- ЕТ –Емисиони точки

Член 4
Постапка

(1) Постапката по Барањето за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола "(во натамошниот текст: барање) се доставува преку архивата на МЖСПП до Сектор за Индустриско Загадување и Управување со Ризик – Управа за животна средина.
(2) Раководителот на Сектор за Индустриско Загадување и Управување со Ризик веднаш а најдоцна во рок од 3 дена го распределува барањето на еден од вработените во одделението.
(3) Вработениот на кого што му е доставено барањето за добивање на А-интегрирана еколошка дозвола ја води постапката за издавње на А – интегрирана еколошка дозвола до издавањето на дозволата и исплата на надоместоците согласно одредбите на Законот за животна средина и подзаконските акти од оваа област почитувајќи ја постапката и роковите за издавање на дозволата и уредно платениот надоместок вклучувајќи го и годишниот надоместок за поседување на А интегрирана еколошка дозвола.

(4) Вработениот кој ја водел постапката за издавање на А-интегрирана еколошка дозвола подготвува решенија за плаќање на надоместок:

- при поднесување на барање за А интегрирана еколошка дозвола,
- при поднесување на барање за измени или пренос на А интегрираната еколошка дозвола,
- за поседување на А интегрирана еколошка дозвола, кој се плаќа годишно и
- за редовен надзор на инсталацијата, во согласност со условите во А интегрираната еколошка дозвола.

-Еден примерок од Решенијата за плаќање на надоместок се доставуваат и до Секторот за финансии при МЖСПП заради евиденција.

(5) Решенијата за надоместок за поседување на А – интегрирана еколошка дозвола се донесуваат секоја година најдоцна до 31 Мај, со задолжување надоместокот да се плати во рок од 15 дена по приемот на решението и да се достави доказ за уплата на надоместокот кој потоа се прикачува на издаденото решение.

(6) Доколку оператоторот не го плати надоместокот во рок од 15 дена и нема поведено управен спор против истото во дадениот рок, во рок од 5 дена му се доставува известување со опомена надоместокот да се плати во дополнителен рок од 5 дена.

(7) Доколку и покрај известувањето од став 6 од овој член не е доставен доказ на платен надоместок се известува државниот советник за правни работи во МЖСПП заради превземање на постапка за присилна наплата на надоместокот.

Член 5

Постапка за пресметување

(1) Надоместокот при поднесување на барањето се пресметува еднократно во рок од 30 дена од денот на поднесеното барање за А-ИЕД според следната формула:

$$N = P(ha) \cdot A + \sum_{i=1}^{n} (ET)_i \cdot B$$

$N$ –надоместок

$P(ha)$ – површина на инсталацијата во хектари

$A$ – надоместок по хектар површина

$ET$ – главни емисиони точки во сите медиуми на животната средина

$B$ – надоместок по емисиона точка за секој пооделен вид на емисија

(2) Надоместокот при поднесување на барање за измена на А-ИЕД изнесува 50% од висината на годишниот надоместок за поседување на А-ИЕД.

(3) Пресметката на надоместокот за измена се врши по завршувањето на постапката за измена.

(4) Доколку измената на А-ИЕД се случи во периодот од 01.01-31.03. во тековната година пресметката се изготвува по доставувањето на годишниот извештај за предходната година.

(5) Надоместокот за поднесување на барањето за пренос на А-ИЕД изнесува 30% од висината на годишниот надоместок за поседување на А-ИЕД.

(6) Пресметката на надоместокот за пренос се врши по завршувањето на постапката

(7) Доколку преносот на А-ИЕД се случи во периодот од 01.01-31.03, во тековната година пресметката се изготвува по доставувањето на годишниот извештај за предходната година

(8) Годишниот надоместок за поседување на А-ИЕД се пресметува со следната формула:

$$N = P \cdot A + \sum_{i=1}^{n} (ET)_i \cdot B + \sum_{i=1}^{n} \left[ \sum_{i=1}^{21} c_i \right] + \sum_{i=1}^{n} D_i$$

$N$ –надоместок

$P(ha)$ – површина на инсталацијата во хектари

$A$ – надоместок по хектар површина

$ET$ – главни емисиони точки во сите медиуми на животната средина

$B$ – надоместок по емисиона точка за секој пооделен вид на емисија

$c_i$ – надоместок за секој пооделен вид емисија

$D_i$ – надоместок за големина на емисија при гранична вредност на емисија

$n$ – број на главни емисиони точки во сите медиуми на животната средина.“

а) Пресметката за годишниот надоместок се врши во периодот 01.04-31.05. односно по доставувањето на годишните извештаи;

б) За инсталациите кои не се оперативни во текот на цела година, годишниот надоместок се пресметува само по првите два члена од формулата, на идентичен начин како надоместокот кој се пресметува за поднесување на барање;

в) За инсталациите кои не се континуирано оперативни, годишниот надоместок се пресметува за цела година;

г) Првиот надоместок за поседување на дозволата се пресметува за месеците од моментот на добивање на истата;

д) Доколку за некоја ЕТ има пропишани повеќе параметри од ист вид на емисија при пресметување се зема вредноста за секој параметар поединечно а не како група на параметри од ист вид на емисија од табела 1-колона Ц. односно се пресметува за секој пропишан параметар во А-ИЕД односно А-ДУОП;

Пример:

-Пропишани параметри во ЕТ: CO,$CO_2$, $NO_2$, $NO_x$, $SO_2$, Cr, Mn, Zn, Cu, Pb,

-Во пресметка:

ѓ) За пропишаните гранични вредности во А-ИЕД/ДУОП кои не се дефинирани во Табела 1; вид на емисија -колона Ц од Уредбата за надоместок не се пресметува (наплатува) надоместок;

е) Коефициентот $D_i$ се пресметува за секој параметар кој има надминување над пропишаната ГВЕ во дозволата,

(9) Вкупниот годишен надоместок со редовен надзор се пресметува на следниот начин:

$$N = P \cdot A + \sum_{i=1}^{n} (ET)_i \cdot B + \sum_{i=1}^{n} \left[ \sum_{i=1}^{21} c_i \right] + \sum_{i=1}^{n} D_i \quad + \quad \text{Редовен надзор}$$

(10) Вкупниот годишен надоместок со - редовен надзор и - спроведен ИСО 14001 се пресметува на следниот начин:

А) Се пресметува надоместокот за поседување;

Б) Се пресметува редовен надзор;

В) Се пресметува намалувањето за ИСО 14001

* На пресметаниот годишен надоместок за поседување (А) се одзема пресметаното намалување (В) и се додава пресметаниот редовен надзор (Б).

ВГН = А – В + Б

(11) Годишен надоместок за редовен надзор

Висината на надоместокот за извршен годишен редовен надзор изнесува 10% од висината на годишниот надоместок за поседување на дозволата.

(12) Надоместок при затварање на инсталацијата

Надоместокот кој се плаќа при затварање на инсталацијата изнесува 50% од висината на годишниот надоместок за поседување.

(13) Намалување на висина на надоместоците

Во случај кога операторот спровел ISO 14001, висината на годишниот надоместок за поседување се намалува за 20 %.

Член 6

Ова Упатство е интерно и стапува на сила со денот на потпишување од страна на министерот за животна срединаи просторно планирање.

МИНИСТЕР
Naser Nuredini

Изработил: Светлана Глигорова
Контролирал: Fatos Balliu, Nazim Aliti
Одобрил: Државен советник, Тодор Ѓорговски
Согласен: Директор на Управа за животна средина:
Xhezmi Saliu

Доставено до: Државен завод за ревизија
Одговорни лица вклучени во пресметувањето на надоместоците